# НАСОКИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ТЕЗАТА (ТЕОРЕТСКИ ДЕЛ)

## ОБЕМ НА ТЕКСТОТ

• Обемот на текстот, не вклучувајќи го апстрактот, фуснотите, легендите на илустрациите и библиографијата е најмалку 10000 зборови.

## ФОНТ

• Сите текстови треба да бидат отпечатени во Arial фонт со кирилична поддршка;
• Текстот треба да биде отпечатен со големина на фонтот од 11-точки со исклучок на насловите, сликите, референците (види подолу).

## РАСПОРЕД (LAYOUT) И ФОРМАТ

• Трудот се печати исклучиво еднострано, на бела хартија А4 од 80гр / м2;
• Левата маргина треба да биде 30mm ; сите други маргини 20mm;
• Текстот треба да биде во една колона и подреден лево;
• Растојанието помеѓу редовите во текстот вклучувајќи ги прилозите  и библиографијата треба да биде multiple 1,15, со исклучок на цитатите, фуснотите и насловите, кои треба да бидат со single пророед.

## НУМЕРИРАЊЕ НА СТРАНИЦИТЕ

• Бројот на страниците е последователен во целиот текст, почнувајќи од воведот, вклучувајќи ги сите страни со текст и друг прилози;
• Редоследот на страниците се обележува со арапски бројки, односно 1, 2, 3;
• Броевите на страниците треба да се наоѓаат на десната страна на дното на страницата;
• Прелиминарните страници (на пр. содржина и сл.) треба да бидат нумерирани со мали римски бројки, односно i, ii, iii...

## СТРУКТУРА И ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ

### 1. НАСЛОВНА СТРАНИЦА

• Информациите на насловната страница се подредени централно. Сите податоци се наведени со големина на фонт  12 точки, освен насловот кој е со големина  18 точки и е болд;
• Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Архитектонски факултет – Скопје;
• Целосен  наслов на тезата;
• Име и презиме на кандидатот;
• Квалификација  на  поднесената теза, на пример: Магистерска теза ;
• Годината на предавање на изработената теза.

**2. ПРВА СТРАНИЦА**

• Текстот на првата страница е подреден централно со големина од 12 точки, со исклучок на насловот кој е од 18 точки и содржи:
• Целосен  наслов на тезата;
• Име и презиме на кандидатот;
• Ментор: да се наведе звањето и името и презимето на меноторот
• Комисија за одбрана: да се наведат звањето и името и презимето на членовите на комисијата.

**3. ВТОРА И ТРЕТА СТРАНИЦА**

АПСТРАКТ / ABSTRACT

• Апстрактот треба да биде со обем од 200 до 300 зборови со големина на фонт од 11 точки, без кратенки, референци, слики или табели.
• Апстрактот треба да содржи опис на темата, целите, методите и резултатите од истражувањето.

КЛУЧНИ ЗБОРОВИ / KEYWORDS

• Најмалку три, а најмногу пет клучни збора со големина на фонт од 11 точки, суштински поврзани со содржината на истражувањето.
• Апстрактот со клучните зборови треба да биде напишан на македонски и англиски јазик. Верзиите на македонски и англиски јазик се печатат на одделни страници.

**4. ЧЕТВРТА СТРАНИЦА**

СОДРЖИНА

• Содржината се состои од сите поглавја и потпоглавја, заклучок и библиографија, како и други придружни материјал со наведување на бројот на страницата на која започнува од наведените делови.

**5. ПЕТТА СТРАНИЦА**

СПИСОК НА СЛИКИ, ТАБЕЛИ, и сл.

•  Во списокот треба да бидат наведени  слики и табели според редоследот по кој се појавуваат во текстот.

**6. ТЕКСТ**

• Текстот треба да содржи најмалку 10000 зборови, не вклучувајќи го апстрактот, фуснотите, легендите на илустрациите и библиографијата;
• Текстот се печати на А4 формат (21 x 27.9), со маргини, лево 30мм, десно, горе и доле  од 20 мм, со големина на фонт  11 точки. По исклучок, кога има потреба од прилози на А3 формат, истите се превиткуваат на А4 формат и се со landscape ориентација;
• Просторот помеѓу пасосите е со 6 точки без повлекување на првиот ред;

• Текстуалниот дел треба да се организира според следниот редослед: апстракт, вовед, поглавја на тезата согласно спроведеното истражување, заклучок и библиографија.

**6.1 НАСЛОВИ И ПОДНАСЛОВИ**

Поделбата на текстот е најмногу троделна и се нумерира последователно.

• Ново поглавје секогаш започнува на нова страница;

• Насловот на поглавјето треба да е лево на страницата, болд со фонт од 12-точки, на кој претходи соодветен број:

# 1. НАСЛОВ НА ПОГЛАВЈЕ

• Насловите на деловите од поглавјето треба да се подредени лево, болд, фонт 11 точки и имаат двочлена нумерација:

**1.1 Наслов на делот од поглавјето (потпоглавје)**

• Насловите на деловите на потпоглавјата треба да се подредени лево, болд, фонт 11 точки и имаат трочлена нумерација:

**1.1.1 Наслов на делот од потпоглавјето**

• Насловите треба да бидат конзистенто формулирани и прецизно да ја одразуваат содржината на поедините делови на текстот.

• Во текстот не е дозволена натамошна поделба освен погоре опишаната.

**6.2 СЛИКИ И ТАБЕЛИ**

• Сликите и табелите треба да се наоѓаат блиску до текстот на кој се однесуваат. Истите треба да се нумерират и насловат со големина на фонт од 10 точки.

• Секоја група на прилози, односно сликите и табелите имаат сопствена одделна нумерација (Табела 1, Слика 1...). Редниот број на прилозите е последователен и континуиран во целината на текстот.

• Повикувањето на прилозите во текстот се врши на сле начин (таб.1), (сл.1) итн.

• Описот на сликата треба да се позиционира под сликата;

• Описот на табелата треба да се позиционира над табелата;

• За сите користени прилози треба да се наведе изворот. Вклучениот илустративен материјал треба да е со резолуција од 200 dpi ослободен од авторски права.

• Доколку кандидатот сака да додаде коментар коментар кон сликите и табелите, тој се додава после бројот и насловот на прилогот, во нов ред со големина на фонт од 10 точки.

## 6.3 РЕФЕРЕНЦИРАЊЕ

• Референцирањето треба консеквентно да го следи ситемот на референцирање во текст, односно Harvard Referencing In-Text System.

• Кон насоките е приложено упатство за референцирање *

## 7. БИБЛИОГРАФИЈА

• Библиографијата е поместена на крајот на трудот и наведените дела се подредуваат  две групи:

- според азбучен ред (дела печатени на кирилица)
- според абецеден ред (дела печатени на латиница).

• Начинот на наведување на различните дела треба консеквентно да ги следи правилата на референцирање во текст, односно Harvard Referencing In-Text System.*

*

## УПАТСТВО ЗА РЕФЕРЕНЦИРАЊЕ

За документирањето/референцирањето во трудот треба да се користи ситемот на референцирање во текст, односноHarvard Referencing In-Text System.

Овој систем содржи два клучни елемента: референцирање во текстот на трудот и библиографија на крајот од трудот.

1. Референцирањето во текстот содржи три податоци: името на авторот/авторите, годината на издавање и бројот на страницата кога директно се цитира или кога изнесеното во врска со наведеното дело може да се посочи на една или одреден број поврзани страници
2. Библиографијасе презентира на  на трудот и задолжително ги наведува сите користени дела при изработка на трудот. Делата се подредуваат во две групи:
3. според азбучен ред (дела печатени на кирилица)
4. според абецеден ред (дела печатени на латиница).

Во прилог се прикажани карактеристични примери  за начинот на кој различни видови користен материјал се референцираат во текст и се наведуваат во библиографијата.

1. **Стандардниот формат на референцирање за книга ги содржи следниве податоци: Презиме на автор(и), иницијал година на издавање, наслов, издавач, место на издавање**

| **Вид на делото** | **Референцирање во текст** | **Библиографија** |
|---|---|---|
| **Книга: еден автор** | (Holt 1997) или Holt (1997) напиша... | Holt, DH 1997, *Management principles and practices*, Prentice Hall, Sydney. |
| **Книга: два или три автор** | (McCarthy, William & Pascale 1997) | McCarthy, EJ, William, DP & Pascale, GQ 1997, *Basic marketing*, Irwin, Sydney. |
| **Книга: повеќе од три автори** | (Bond et al. 1996) | Bond, WR, Smith, JT, Brown, KL & George, M 1996, *Management of small firms*, McGraw-Hill, Sydney. |
| **Книга:без автор** | (A history of Greece 1994) | *A history of Greece* 1994, Irwin, Sydney. |
| **Книга: од приредувач** | (ed. Jones 1998) или (прир. Jones... | Jones, MD (ed.) 1998, *Management in Australia*, Academic Press, London. |
| **Книга: од два и повеќе приредувачи** | (edsBullinger&Warnecke 1985) | Bullinger, HJ &Warnecke HJ (eds) 1985, *Toward the factory of the future*, Springer-Verlag, Berlin. |
| **Книга: преведено дело** | (Colorado 2006) | Colorado, JA 2006, *Economic theory in the Mexican context: recent developments on the ground*, прев. K Smith, Oxford University Press, Oxford. |
| **Книга: организација како автор** | (Australian Bureau of Agriculture and Resource Economics 2001) | Australian Bureau of Agriculture and Resource Economics 2001, *Aquaculture developments in Australia: a review of key economic issues*, ABARE, Canberra. |
| **Книга: глава или статија во приредена книга** | 'A number of disturbing facts intrude' (Milkman 1998, p. 25) | Milkman, R 1998 'The new American workplace: high road or low road?' во *Workplaces of the future*, eds P Thompson & C Warhurst, Macmillan Press, London, pp. 22-34. |
| **Книга: различни трудови од ист автор во иста година** | (Bond 1991a) (Bond 1991b) | Bond, G 1991a, *Business ethics*, McGraw-Hill Sydney.<br>Bond, G 1991b, *Corporate governance*, Irwin, London. |
| **Речник или енциклопедија** | Во речникот Вебстер (2010) терминот е дефиниран како... | Не го/ја вклучувајте во библиографијата |

## 2. Електронско издание на книга / е-книга

| Вид на делото | Референцирање во текст | Библиографија |
|---|---|---|
| **е-Книга** | (Drucker 2012) | Drucker, P 2012, *Managing the non-profit organization*, Routledge, London. Достапна на: Ebook Library. [29 септември 2015]. |
| **е-Книга: глава или статија во приредена е-книга** | „навод од главата или статијата“ (White 2002, p. 112) | White, H 2002, 'The westernization of world history' in *Western historical thinking: an intercultural debate*, прир. J Rusen, Berghahn Books, New York, pp. 111 - 119. Достапна на: ACLS Humanities E-Book. [29 септември 2015]. |
| **е-Книга: главадостапна на интернет во посочена литература по предметот** | (Birch 2013) | Birch, T 2013, 'The trouble with history' во *Australian history now*, прир. A Clark & P Ashton, NewSouth Publishing, Sydney, pp. 232-250. Достапна на: The University of Western Australia Library Course Materials Online. [29 септември 2015]. |
| **е-Книга: слободно достапна на интернет (со непознато место на издавање)** | (de Grosbois 2015) | deGrosbois, T 2015, *Mass influence: the habits of the highly influential,* Wildfire Workshops. Достапна на: http://www.massinfluencethebook.com/. [27 јануари 2016]. |

**3. Статии од списанија**

- **кога се цитира статија од списание со повеќе  да се следи форматот што се користи за книги со повеќе автори**
- **кога цитирате водете сметка јасно да се наведе што е наслов на статија, а шти име на списанието**
- **наводите за *online*списанија мораат да содржат детали за датабазата во која се наоѓа списанието и датумот на пристап**
- **кога цитирате *online*списание што има број на том и на издание, следете го форматот наведен подолу за *статија во списание достапнаод електронска датабаза*, заменувајќи го името на датабазата со URL/вебадресата на статијата**

| **Вид на делото** | **Референцирање во текст** | **Библиографија** |
|---|---|---|
| **Статија во списание: достапна на интернет во посочена литература по предметот** | (Jennings 1997) | Jennings, P 1997, 'The performance and competitive advantage of small firms: a management perspective',*International Small Business Journal*, vol. 15, no. 2, pp. 63-75. Достапно на: The University of Western Australia Australian Library Course Materials Online. [1 септември 2014]. |
| **Статија во списание: достапна во печатена форма** | (Conley &Galeson 1998) | Conley, TG &Galeson, DW 1998, 'Nativity and wealth in mid-nineteenth century cities', *Journal of Economic History*, vol. 58, no. 2, pp. 468-493. |
| **Статија во списание: достапна од електронска датабаза** | (Liveris 2011) | Liveris, A 2011, 'Ethics as a strategy', *Leadership Excellence*, vol. 28, no. 2, pp. 17-18. Достапно на: ProQuest. [13 октомври 2015]. |
| **Статија во списание: достапно само online (со број на том и на издание)** | (Segon& Booth 2011) | Segon, M & Booth, C 2011, 'Bribery: what do Australian managers know and what do they do?', *Journal of Business Systems*, *Governance and Ethics*, vol. 6, no. 3, pp. 15-29. Достапно на: http://jbsge.vu.edu.au/article/view/206. [20октомври 2015]. |

## 4. Вебстрани и online извори

| **Вид на делото** | **Референцирање во текст** | **Библиографија** |
|---|---|---|
| **Вебсајт** | (University Library 2015) | University Library 2015, The University of Western Australia. Достапно на: http://www.library.uwa.edu.au/. [27 јануари 2016].<br>Кога се наведува вебсајт како целина се вклучуваат следниве податоци:<br>- автор: личност или одговорна за сајтот<br>- датум кога сајтот бил креиран или ревидиран<br>- име или назив на спонзорот на сајтот<br>- URL / адреса на сајтот<br>- датум на посета на сајтот |
| **Вебстрана** | (Weida&Stolley 2013) | Weida, S &Stolley, K 2013, Developing strong thesis statements. Достапно на: https://owl.english.purdue.edu/owl/resource/588/1/. [13 октомври 2015].<br>Кога се наведува посебна вебстрана во рамките на вебсајт се вклучуваат следните податоци:<br>- автор: личност или одговорна за сајтот<br>- датум кога сајтот бил креиран или ревидиран<br>- наслов на вебстраната<br>- име или назив на спонзорот на сајтот (доколку постои)<br>- URL / адреса на сајтот<br>- датум на посета на сајтот |
| **Вебстрана: без датум (s.a. sine anno)** | (Apprentice Support Australia s.a.) | Apprentice Support Australia s.a., What is an apprenticeship. Достапно на: http://www.apprenticeshipsupport.com.au/Employers/What-is-an-apprenticeship.<br>[20 октомври 2015]. |
| **Документ од вебстрана** | (Department of Premier and Cabinet 2009) | Department of the Premier and Cabinet 2009, Pandemic planning in the workforce, Queensland Government. Достапно на: https://www.health.qld.gov.au/flu/documents/Fact-sheet-3_Qkit-infrastructure.pdf.<br>[13 октомври 2015]. |
| **Блог** | (Mercoulia 2015) | Mercoulia, P 2015, 'A glimpse into coal's future', Greenpeace Australia Pacific Blog, блогпост, 15 јуни. Достапно на: http://www.greenpeace.org.au/blog/a-glimpse-into-coals -future/. [13 октомври 2015]. |
| **Фотографија од непознат автор** | (Nefertari with Isis anon.) | Nefertari with Isis anon., фотографија. Достапно на: http://en.wikipedia.org/wiki/File:Ankh_isis_netfertari.jpg. [13 октомври 2015]. |
| **Фотографија од познат автор** | (Colli 2009) | Colli, MG 2009, Bilbao_6 Guggenheim Museum Bilbao, фотографија. Достапно на: http://www.flickr.com/photos/52355315@N08/5757476385/. [13 октомври 2015]. |

## 5. Прилози од конференции

| **Вид на делото** | **Референцирање во текст** | **Библиографија** |
|---|---|---|
| **Прилози од конференции: печатени** | (Bird & Smart 2010) | Bird, R & Smart, M 2010, 'Assigning state taxes in a federal country: the cases of Australia', *Melbourne Institute - Australia's future tax and transfer policy conference: proceedings of a conference*, Melbourne Institute of Applied Economic and Social Research, Melbourne, pp. 72-94. |
| **Прилози од конференции: електронски** | (Fan, Gordon & Pathak 2000) | Fan, W, Gordon, MD & Pathak, R 2000, 'Personalization of search engine services for effective retrieval and knowledge management',*Proceedings of the twenty-first international conference on information systems*, pp. 20-34. Достапно на: ACM Digital Library. [24 јуни 2004]. |
| **Прилози од конференции: необјавени** | (Bowden & Fairley 1996) | Bowden, FJ & Fairley, CK 1996, 'Endemic STDs in the Northern Territory: estimations of effective rates of partner exchange', прилог презентиран наThe Scientific Meeting of the Royal Australian College of Physicians, Darwin, 24-25 јуни. |

## 6. Белешки од предавања

| **Вид на делото** | **Референцирање во текст** | **Библиографија** |
|---|---|---|
| **Белешки од предавања (авторизирани)** | (Foster 2004) | Foster, T 2004, *Balance sheets*, авторизирани белешки од предавања по предметот Financial Accounting 101 наThe University of Western Australia. |
| **PowerPoint презентација** | (Smith 2015) | Smith, M 2015, *Management 101*, PowerPoint presentation, MGMT1234: Foundations of Management, The University of Western Australia. Достапно на: http://www.lms.uwa.edu.au. [20 October 2015]. |

## 7. Тези

| Вид на делото | Референцирање во текст | Библиографија |
|---|---|---|
| **Теза: непубликувана** | (Hos 2005) | Hos, JP 2005, *Mechanochemically synthesized nanomaterials for intermediate temperature solid oxide fuel cell membranes*.Дис, University of Western Australia. |
| **Теза: публикувана** | (May 2007) | May, B 2007, *A survey of radical velocities in the zodiacal dust cloud*. Дис. Bristol UK, Canopus Publishing. |
| **Теза: достапна од датабаза** | (Cincura 2012) | Cincura, M 2012, *Beyond profit-centric: transcendent business modelling*. Дис, Swinburne University of Technology. Достапно на: Trove. [12 август 2013]. |

## 8. Табели, слики и други податоци

| Вид на делото | Референцирање во текст | Библиографија |
|---|---|---|
| **Цели или делови на табели, слики и други податоци користени во текстот: од отпечаток или списание** | *Заб.* Од (или податоците во... се од) 'Evaluating the effectiveness of best management practices using dynamic modelling' (Ackerman & Stein 2008, p. 634) | Ackerman, D & Stein ED 2008. 'Evaluating the effectiveness of best management practices using dynamic modelling', *Journal of Environmental Engineering*, vol. 134, no. 8, pp. 629-639. |
| **Цели или делови на табели, слики и други податоци користени во текстот: од книга** | *Заб.* Од (или податоците во... се од)Thermophysical properties of fluids p.113 (Assael 1998, p. 70) | Assael, M 1998, *Thermophysical properties of fluids*, Imperial College Press, London. |
| **Цели или делови на табели, слики и други податоци користени во текстот: од интернет** | *Заб.* Од (или податоците во... се од) *International merchandise imports Australia, January 2009* (ABS 2009) | Australian Bureau of Statistics 2009, *International merchandise imports Australia,January 2009* (No. 5439.0). Available from: http://www.abs.gov.au/ausstats/abs@.nsf/mf/5439.0?OpenDocument>. [6 март 2014]. |

## 9. Цитирање на информација што друг ја цитирал

| Вид на делото | Референцирање во текст | Библиографија |
|---|---|---|
| **Цитирање на информација што друг ја цитирал** | (O'Reilly, цитирано според Byrne 2008) | Byrne, A 2008, 'Web 2.0 strategiesinlibraries and information services', *The Australian Library Journal*, vol. 57 no. 4, pp. 365-376.<br>*Во библиографијата се наведува авторот кој го цитирал делото* |

За подетални информации околу референцирањето во текст, односно Harvard Referencing In-Text System и примерите кои овде не се наведени,  да го користите вебсајтот: http://www.harvardgenerator.com

Наведените примери се преземени од: http://guides.is.uwa.edu.au/harvard